# СВЕТОТ НА ЕЛИ

## СОСТАНОЦИ, ДВОЈНИ СОСТАНОЦИ И ГОЛЕМА, ГОЛЕМА НЕВОЛЈА

„Е па, тогаш е очигледно", прозаично рече Сенди.

„Што?", се намуртив.

„Твојот татко", продолжи таа, „се гледа со некоја нова".

Сенди не е некоја која обично би ја нарекле интуитивна. Кога станува збор за нас двете, таа секогаш замолчува и ми го препушта мене целото зборување или донесување одлуки (што понекогаш ме излудува). А во овој случај таа беше поприлично во погрешна насока; мојот татко се гледа со некоја нова? Колку смешно! Бацилите на настинката по сè изгледа ѝ прават кратки спови во мозокот...

Нема шанси мојот татко да се гледа со некоја нова.

Нема шанси.

Или...

Или има?

Наслов на оригиналот:

Dates, Double Dates and Big, Big Trouble

Karen McCombie

Copyright © Karen McCombie, 2001

Translation Copyright © за македонското издание, Икона 2009

Превод од англиски: Димитар Симоновски

Лектура: Елена Петрушевска

Графичка подготовка: Икона ИК

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.111(02.053.2)-31

МАКОМБИ, Карен
Состаноци, двојни состаноци и голема, голема неволја / Карен Макомби; (превод од англиски Димитар Симоновски). - Скопје : Икона, 2009. - 220 стр. 21 см.

Превод на делото: Dates, Double Dates and Big, Big Trouble / Karen McCombie

ISBN 978-9989-168-40-6
I. McCombie, Karen види Макомби, Карен

COBISS.MK-ID 77033994

СВЕТОТ НА ЕЛИ

# СОСТАНОЦИ, ДЬОЈНИ СОСТАНОЦИ И ГОЛЕМА, ГОЛЕМА НЕВОЛЈА

КАРЕН МЕКОМБИ

ikona

*Посветено на Алис Милер (на возраст од 83,5 години)*
*- Принцезата на палатата Александра*

# СОДРЖИНА


ПРОЛОГ / 7

1: ТОЈ ПРВ БАКНЕЖ (КАМОЛИ ДА БЕШЕ ТАКА...) / 10

2: ЛИН Е СОСЕМА, СОСЕМА, СОСЕМА ВО ЗАБЛУДА / 18

3: ПРИКАЗНАТА ЗА НЕВИДЛИВАТА МАЈКА / 26

4: УМНОТО РАЗМИСЛУВАЊЕ НА СЕНДИ / 36

5: SBP, SBP - КОЈ Е ТАМУ? / 44

6: ЌЕ ТИ ГО КАЖАМ МОЈОТ, АКО МИ ГО КАЖЕШ ТВОЈОТ / 49

7: КУПИДОН ПОВТОРНО НАПАЃА (НИКАДЕ ВО МОЈА БЛИЗИНА...) / 58

8: КИРА ПОЧНУВА ДА БЛЕСКА / 66

9: ЗБОРУВАЊЕ СО ШИФРИ / 75

10: ЉУБОВ И ЧИПС / 83

11: НА ТАТО МУ СЕ ИСПУШТА / 92

12: ЗАПРЕПАСТЕНА? САМО МНОГУ... / 100

13: МАЛЕЧОК, НО УМЕН / 109

14: НАВАМУ Е БРЗИОТ ИЗЛЕЗ... / 115

15: СОСТАНОЦИ НА СЛЕПО И ИСКИНАТИ НЕРВИ / 126

16: ТОА Е БАШ ДОБАР ТРИК ЗА ЗАБАВИ... / 131

17: ОДОВДЕ СЕ Е НИЗБРДО / 141

18: МОЖЕ ДА СТАНЕ САМО ПОЛОШО... / 149

19: СТАНИЦИ ЗА АКЦИЈА... / 154
20: ШПИОНИРАМ СО МОЕТО МАЛЕЧКО ОКО... / 162
21: ЧЕТИРИТЕ МУСКЕТАРИ... / 169
22: НАБЉУДУВАЊЕ И ЧЕКАЊЕ, ПА УШТЕ МАЛКУ ЧЕКАЊЕ... / 175
23: МРАЧНАТА ТАЈНА НА ТАТО (АХМ) / 180

# ПРОЛОГ

Драга мамо,

Пред некој ден наидов на онаа фотографија на која сте ти и тато - знаеш веќе, онаа од вашиот прв состанок. Онаа на којашто изгледаш малку чудно, бидејќи штотуку си повратила...

Како и да е, тоа едноставно ме потсети колку многу сакав кога имаше обичај да ми кажуваш како вие двајца сте почнале да бидете заедно; сите тие нешта за тоа како тој дошол во бутикот за фармерки на улицата Камден Хај каде си работела, и секоја недела пробувал еден куп различни чифтови, само за да има изговор да разговара со тебе. (Никогаш не купил никакви фармерки, нели?)

А, подобро од тоа било како ти си имала обичај да ги поминуваш твоите паузи за ручек во велосипедската продавница преку улицата, во која тој работел, еден ден купувајќи ѕвонче, другиот ден пумпа, дури и прибор за лепење дупнати гуми.

И до тогаш кога тој конечно те поканил да излезете, до тој прв состанок, тој не знаел дека ти воопшто немаш велосипед.

Толку било слатко тоа што си му кажала на тато

дека не ти пречи што ги побркал кино - салите првата вечер кога сте излегле заедно, и што ненамерно те однел да гледате хорор - филм. Иако хорор - филмовите и гледањето крв обично ти создаваат мачнина. И било навистина слатко од тато што сѐ уште те сакал откако си повратила во неговиот скут.

Вистинска љубов.

После сето тоа претпоставувам дека јас не би била расположена да го дадам некому мојот фотографски апарат, како што ти си сторила, за да ве слика вас двајцата  (мислам дека ако јас бев на твое место би сакала да ја заборавам целата работа, откако сум повраќала насекаде). Но, мило ми е што си одлучила да го сториш тоа - во спротивно не ќе имавме запис од времето кога нашите родители почнале да се гледаат. Не знам дали во таа прва вечер си имала прав бакнеж (се надевам дека не било така, со оглед на околностите), но тоа сѐ уште е една од најромантичните приказни кои кога било сум ги слушнала - дури и ако немало баш гудачки оркестри коишто свиреле во позадината, а од небото не врнеле цветови од рози.

Се надевам дека еден ден и мене ќе ми се случи нешто такво (но, можеби без оној дел со мачнината).

Не толку одамна, си мислев дека може... а тоа беше баш во времето кога јас, Лин и Роуен почнавме да сфаќаме дека тато нашол некоја која би те заменила.

Претпоставувам дека е подобро ова да го слуш-

неш од почеток...

Те сакам многу,

Ели

(твоето Дете на Љубовта број 3).

# ПОГЛАВЈЕ 1

## ТОЈ ПРВ БАКНЕЖ (КАМОЛИ ДА БЕШЕ ТАКА...)

Во ред, признавам. Значи кога станува збор за целата таа работа со романсите, јас многу сонувам за тоа со отворени очи. И кога велам многу, навистина го мислам тоа.

Сонувам со отворени очи додека ги шетам кучињата нагоре кон палатата Александра, гледајќи како Лондон се шири во далечината. Сонувам со отворени очи ноќе во кревет кога лежам во темнината и без трепнување гледам во ѕвездите низ малечкото прозорче на кровот од мојата спална соба во поткровјето...

Значи, тоа звучи мошне поетски и слично. Но од друга страна, јас исто така сонувам со отворени очи за сите романтични работи во тотално неромантични мигови. Како во текот на особено здодевни часови на училиште, или кога ги мијам забите, или кога ми е редот да ги перам алиштата и ги сортирам валканите чорапи на моето семејство, дури и кога му помагам на моето малечко братче Тор да го исчисти изметот од зајачињата од сандаците во градината.

Мислам дека Џулиета не размислувала за Ромео кога чистела измет од зајачиња. Е па, кога ќе ми текне на филмот, не се сеќавам со сигурност дали Клер Дејнс, накитена со жолти невени, сонува со отворени очи дека Лео ди Каприо се качува на нејзиниот балкон додека таа се обидува да избрка нервозно зајче кое е расположено да гризе.

Можеби фактот што јас можам во навистина несоодветни моменти да сонувам за романса со отворени очи, значи дека имам бујна фантазија. Или можеби значи дека сум чудак - не сум баш сигурна. Но, во секој случај, еден од моите омилени сништа со отворени очи е Тој Прв Бакнеж. Тоа оди некако вака...

1) Одам на забава и, поради некое волшепство, изгледам како Џои од Досонс Крик. (видете, тоа е мој сон со отворени очи, па такви работи можат да се случуваат, добро?)

2) Забавата е чудесна, музиката е брилијантна, а најбрилијантно од сè - го забележувам него на другиот крај од собата преполна со луѓе. (Делот што се однесува на него е променлив, во зависност од тоа во кого сум затрескана таа недела. Прилично често се вљубувам и се одљубувам во различни момчиња - но, кога веќе го кажав тоа, постои само едно, единствено момче по коешто постојано и вистински сум луда, а тоа е пријателот на мојата сестра Лин, Алфи. Воздишка...)

3) Во текот на вечерта меѓу нас се случува измачувачко зјапање и вртење на погледите, само за

да се создаде малечка треперовозбуда. (Добар збор, треперовозбуда, нели? Со таа разлика што кога еднаш ѝ го кажав на мојата најдобра другарка, Сенди, таа мислеше дека тоа е некаков вид риба. Но да ви кажам, да имате некоја риба помеѓу вас дефинитивно не е романтично...)

4) Светлата се придушени и фрлаат искри, почнува мојата омилена песна (тоа се менува од недела во недела, од еден сон со отворени очи до друг) и од никаде, тој се приближува до мене и ме поканува да танцуваме.

5) Во ред, ова е местото од каде станува добро... Моите раце се околу неговиот врат и јас можам да почувствувам како мојата кожа наежено трепери кога ме повлекува поблизу до него, а рацете му се на мојот грб. Не кажуваме ништо, само се гледаме во очи - еден со друг си ги читаме мислите и инстинктивно знаеме што ќе се случи наредно. Со бавни движења се приближуваме еден до друг, нежно ги навалуваме главите додека моментот се приближува. Можам да ја почувствувам топлината на неговите усни дури и пред да ги допрат моите. А, тогаш...

Седев на вообичаената клупа кај Ели Пали, допуштајќи мојот сон со отворени очи за првиот бакнеж да ми плови низ умот и само што се подготвував да ја спојам мојата уста со устата на Алфи, кога расположението одеднаш беше разурнато.

Е па, тоа навистина е неизбежно кога ќе се најдете во ситуација некој да ве стега околу вратот.